## C V на Здружение на одделенски наставници УЧИТЕЛ на Република Северна Македонија Битола

**Скратеното име на здружението е:**

**ЗОН УЧИТЕЛ на Република Северна Македонија Битола.**

Здружението на одделенски наставници УЧИТЕЛ на РСМ Битола се основа од страна на 17 основачи на Основачко собрание одржано на 18.02.2021 год. Регистрирано е на 12 март 2021 година во Централен регистер како Здружение на одделенски наставници УЧИТЕЛ со седиште во Битола.

- Претседател на ЗОН УЧИТЕЛ е Наташа Тодоровска, одделенски наставник , наставник ментор во ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола;
- Заменик претседател е Марина Станиславова, одделенски наставник во ООУ„Страшо Пинџур“ - Неготино.
- Избрани се и членови на Управен и Надзорен орган на здружението.


- ✓ **Телефон за контакт : +38975-994-990 +38971-244-214**
- ✓ **Емаил: zon.ucitel2021@gmail.com**
- ✓ **веб страна: https://zonucitel.wordpress.com**


Основачите на Здружението континуирано одржуваат онлајн средби за запознавање на одделенските наставниците со програмата и активностите на здружението. Во истото членуваат наставници од сите националности и секојдневно се приклучуваат одделенски наставници од сите општини во РС Македонија.

## МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА

- 18.08.2021 год.- Факултетот за физичко образование, здравје и спорт- при УКИМ- Скопје
- 1.10.2021 год. - Факултет за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
- 03.06.2022 год. - Друштво за графички услуги и трговија-ДОО Скопје.
- 17. 09. 2022 год. - Здружение на турски просветни работници -ТОБ на РСМ.
- 05.10.2022 год. - НУУБ Св. „Климент Охридски“ Битола.
- 27.09.2022год. - ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ Куманово
- 05.10.2022 год. – Здружение за развој на ромската заедница„ Сумнал“ Битола.
- 29.08.2023 год. – Здружение за заштита и унапредување на животната средина и промовирање на концептот на одржив развој- Еко Логик
- 24.11.2023 год. - Здружението за неформално образование, животна средина и социо-културна едукација КАЛИДУС од Битола,
- 5.12.2023год. - Библиотека „Феткин“ - Кавадарци
- 16.09.2024 – „Просветно дело“- Скопје
- 1.11.2024- Здружение на просветни работници на Куманово

- 18.11.2024 - Педагошки факултет - Битола.
- 27.03 2025 - Меморандум за соработка со СмартАП - Лабараторија за социјални иновации, Скопје
- 2.05.2025 год. ЗОН - Меморандум за соработка со Здружението на просветни работници на град Скопје - Скопје.

## ОНЛАЈН ВЕБИНАРИ

- На 02.12.2021 година Здружението на одделенски наставници ЗОН УЧИТЕЛ на РСМ, со поддршка на SmartUp – лабораторија за социјални иновации, која го спроведува проектот ЕДУИНО колективен портал за дигитални содржини, соработка и професионален развој на едукаторите од нашата земја, а во сопственост на Бирото за развој на образованието организира онлајн настан за одбележување на 3 Декември - Меѓународниот ден на лицата со попреченост. На истиот зедоа збор и директорот на БРО Зекирија Хасипи и советникот за инклузивно образование од МОН Душан Томшиќ.,како и претставници од: МКФ, Ресурсен центар „Кочо Рацин"- Битола, Центар за поддршка ООУ „Горѓи Сугарев"- Битола, образовен асистент, одделенски наставник и родител вклучени во процесот на инклузија на учениците во редовни паралелки.
- 22.02.2022 год. **- Canva I дел** – одделенски наставник Марија Богатиновска од ООУ„Никола Карев" - Пробиштип;22.02.2022 год. **- Canva II дел** – одделенски наставник Марина Станиславова од ООУ „ Страшо Пинџур" – Неготино;
- 17.03.2022 год. - **Learning Apps** – одделеснки наставни Габриела Стевананџија од ООУ „ Блаже Конески" од Прилеп;
- 11.04.2022 год. - **Mathigon**- Математичко игралиште – наставник по математика, наставник ментор Игор Богдановски од ООУ „ Блаже Конески" од Прилеп;
- 5.05.2022 год. - **Акциски истражувања за успешен наставник** – проф.д-р Деан Илиев од Педагошки факултет при Унивирезитет „Свети Климент Охридски" - Битола;
- **„Да ја вратиме навиката за читање кај децата во одделенска настава** – одделенски наставник, наставник-ментор Јадранка Клисарова од ООУ „Блаже Конески" од Скопје.
- На 2.02.2023 год. беше одржан онлајн вебинар на тема**„ Професионален развој за јакнење на компетенциите на наставниците - Соработка помеѓу менторот и приправникот"**- наставник по математика, наставик ментор во ООУ „Кирил и Методиј" во Тетово, м-р Сатки Исмаили
- На 20.02.2023 год. е одржан онлајн вебинар**„Креативни пристапи за развивање на критичко размислување во наставата по македонски јазик"** -о дделенски наставник, наставник ментор Соња Трифуновска
- На 19.05 и на 20.05.2023 год. се одржани два вебинари на тема**„Психолошките аспекти на врсничкото насилство"** со предавач проф. д-р Ана Фрицханд. Првиот вебинар беше наменет само за наставници, а вториот за родители.
- На 30.11.2023 година е одржан вебинар **„Ученици со оштетен слух во мојата училница"** предавач дипломиран дефектолог, м-р македонист и комуниколог,сертифициран толкувач на македонски знаковен јазик Викторија Волак.
- На 31.01.2024 година е одржан вебинар **„Емпатија кон надарените и талентираните во образовниот процес"** предавач проф.д-р Љупчо Кеверески - Педагошки факултет -Битола, национален координатор за емоционаална интелегенција

- На 22.02.2024 година е одржан онлајн вебинар **„Еколошка образование и климатска писменост преку екперментални активности“** предавач Никоа Нешкоски, директор на ЕКО ЛОГИК и наставник-ментор Билјана Арсовска од ООУ „ Вера Јоциќ“- Скопје.

- На 22.04.2024 година е одржан онлајн вебинар **„Безбедност на пешаците и велосипедниститe во сообраќајот“** предавач Никола Нешкоски, основач на Вело училиша организација која работи во полето на промоција на велосипедизмот како средство за рекреација, спорт, транспорт и начин на живот.

- На 26.09.2024 година е одржан онлајн вебинар **„Развивање на дигитални компетенции на наставниците за успешна професионална соработка во училиштето“** предавачи Наташа Тодоровска, одделенски наставник, наставник ментор и м-р Биљана Темелкова, наставник по англиски јазик, од ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ – Битола.

- На 20.11.2024 година е одржан онлајн вебинар **„Компетентни наставници градат идни лидери и сонувачи“** предавач Милена Игњатова, програмски менаџер за областан на образованието во рамки на СМАРТ АП-лабораторија за социјални иновации, Скопје .

- На 12.12.2024 година е одржан онлајн вебинар **„Влијанието на физичката активност врз когнитивните способности кај учениците“** предавач Емилија Стојановска, наставник ментор ООУ„ Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци, Илинден, Скопје

- На 20.02.2025 година е одржан онлан вебинар на тема **„Вовед во еТвининг платформата и употреба на дигитални алатки “** . Предавачи на вебинарот беа Е твининг амбасадорите Зорица Милкова, наставник ментор ООУ„Тошо Велков Пепето“- Кавадарци и Емилија Стојановска, наставник ментор ООУ„ Браќа Миладиновци“ с.Миладиновци, Илинден, Скопје

- На 23.04.2025 година е одржан вебинар на тема„**ЗА МЕТОДИТЕ како мостови на учење кои ги поврзуваат умовите и срцата на учениците“**. Предавач на вебинарот беше проф.д-р Кирил Барбареев од Факултетот за образовни науки при Универзитетот„ Гоце Делчев“- Штип.

## КОНКУРСИ

- Мај, 2022 год. - Во чест на Свети Кирил и Методиј, ЗОН УЧИТЕЛ организира литературен конкурс за наставници на тема **„АЗ, БУКИ, ВЕДИ - Ѓердан од зборови во ваша чест реди“.** Изработена е електронска збирка со творби од наставници од РС Македонија и Р. Србија.
- Октомври, 2021 - Во чест на Светскиот ден на учителот на нашата фејсбук страна Учители-одделенска настава-ЗОН се организира повик за одделенските наставници за споделување на активности посветени на учителот реализирани со своите ученици.

- Во периодот од 01.10 до 05.10.2022 год. по повод 5 Октомври - Светскиот ден на учителот, одделенските наставници постираа активности изработени со учениците на фб страната Учители-одделенска настава-ЗОН.

- Одбележан 5 Октомври - Ден на учителот, во организација на Здружение на одделенски наставници УЧИТЕЛ на РСМ и библиотеката ,,Тане Георгиевски“ Куманово. На истиот настан учениците се организира во творење, рецитирање и се прогласија најдобрите, а нивните ментори добија благодарници и дипломи.

- Здружение на одделенски наставници ЗОН УЧИТЕЛ, Општински регион- Куманово во

соработка со ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ Куманово, организира манифестација, натпревар во изразни рецитирање. На 3 мај во просториите на Занаетчиски дом во Куманово, се одржа манифестацијата **„Поети имитираме- оригинално рецитираме“.** На настанот учествуваа 40 натпреварувачи со нивни ментори.

- Во пресрет на 5 Октомври - Светскиот ден на учителот, ЗОН УЧИТЕЛ објави литературен и ликовен конкурс на тема **„МОЈОТ УЧИТЕЛ, МОЈА ИНСПИРАЦИЈА“.** На конкурсот учествуваа ученици и ментори од целата територија на Македонија и беа доделени по три први, втори и трети места и по една гран при награда. За учениците и менторите кои добија гран при награди беа доделени награди во дидактички материјали.

- Од 11 – 24 декември 2024 год.е организиран онлајн литературен конкурс на тема**„ Зимска бајка“** за ученици од второ до петто одделение. Конкурсот е од натпреварувачки карактер со избор на најдобро места од секоја категорија( 1, 2, 3 место за 2, 3, 4 и 5 одд)

## ПРОЕКТИ

- Декември 2021год. - Меѓународниот проект **„Дарување, радување - новогодишно разубавување**“ автори се одделенските наставници,кооринатори на ЗОН УЧИТЕЛ, Станче Штерјовска и Хилда Манојловска од Куманово.
  **Фб група- „Дарување, радување - новогодишно разубавување**“
  https://www.facebook.com/groups/443399497169977

- Во период од 1.03.2023 – 1.04.2023 година реализиран е прв меѓународен проект **"Нашата училница низ објективот на дигиталната технологија“** и објавена е дигитална збирка со 104 сценарија од примена на дигитални алатки на часовите во одделенска настава. Координатори на пректот се Наташа Тодоровска, наставник-ментор од ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ - Битола, претседател на ЗОН УЧИТЕЛ, м-р Весна Бошковска, наставник-ментор од ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ - Скопје, координатор на ЗОН УЧИТЕЛ, Тамара Милиђевић, мастер учител ОУ,,Алекса Шантић" Белград Жана Бутулија, магистер по одделенска настава, ОУ „Георги Стојков Раковски“ - Бања Лука. Техничка поддршка-Марија Богатиновска, координатор на ЗОН УЧИТЕЛ од ООУ „ Никола Карев“- Пробиштип.

  **Фб група - "Нашата училница низ објективот на дигиталната технологија“**
  https://www.facebook.com/groups/3024793167814396

- Во период од 20.11-20.12.2023 години се реализира втор меѓународен проект насочен кон јакнење на компетенциите на наставниците под наслов **„Креативна примена на нови наставни техники“**. Автори и координатори на проектот се одделенски наставници: наставник-ментор Соња Трифуновска од ООУ „ Гоце Делчев“ од Тетово и Зорица Адамчевска од ООУ „ Блаже Конески “ од Велес.
  **Фб група - „Креативна примена на нови наставни техники“**
  https://www.facebook.com/groups/257087344028110

- Во период од 1.02.2024- 29.02.2024 година се реализира трет меѓународен проект **„Училница со ретка добрина“** насочен кон запознавање на учениците со ретките болести, прифаќање, разбирање и помагање на лицата со ретки болести. Автори и координатори на проектот се одделенски наставници: наставник-ментор Гордана Наумовска Трајкоска од ООУ „ Димитар Поп Ѓоргиев- Беровски и Душица Јакимовска, одделенски наставник од ООУ „ Кирил и Методиј“ с. Агино Село, Куманово.
  **Фб група - „Училница со ретка добрина“**
  https://www.facebook.com/groups/1075139957099302

- Во период од 1.04.2024- 24 05.2024 година се реализира четврти меѓународен проект **„Учител – професија која ги создава сите други професии“** насочен кон запознавање на учениците со различни видови професии. Автори и координатори на проектот се одделенски наставници: координатори на ЗОН УЧИТЕЛ од Куманово, Николина Милевска од ООУ „ Кочо Рацин“ – Куманово и Маја Поп Арсовска од ООУ „ Браќа Миладоновци“- Куманово.
  **Фб група - „Учител – професија која ги создава сите други професии“**
  https://www.facebook.com/groups/866376445243218

- На 17.05.2024 година Здружение на одделенски наставници ЗОН УЧИТЕЛ, Општински регион - Куманово во соработка со ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ Куманово и со поддршка од Градоначалникот и Советот на општина Куманово по втор пат организира рецитаторски натпревар во изразно рецитирање **„Поети имитираме- оригинално рецитираме“ за ученици од прво до петто оддление од основните училишта во Куманово.** На настанот учествуваа 40 натпреварувачи со нивни ментори.
- Во период од 18.11.2024- 20 12.2024 година се реализира проект **„Перото на македонските автори за деца во нашата училница**“ насочен кон запознавање на учениците со македонските автори за деца преку истражување на нивниот животен пат и литературно творештво. Автори и координатори на проектот се одделенски наставници: координатори на ЗОН УЧИТЕЛ од ООУ„ Никола Карев“ - Пробиштип Марија Богатиновска и Ксенија Николова од ООУ„ Гоце Делчев“ – Босилово

  **Фб група- „Перото на македонските автори за деца во нашата училница“**

  **https://www.facebook.com/groups/1516178962401413**

- Во период од 1.02.2025- 28.02.2025 година се реализира трет меѓународен проект **„Училница со ретка добрина“** насочен кон запознавање на учениците со ретките болести, прифаќање, разбирање и помагање на лицата со ретки болести. Автори и координатори на проектот се одделенски наставници: наставник-ментор Гордана Наумовска Трајкоска од ООУ „ Димитар Поп Ѓоргиев- Беровски и Душица Јакимовска, одделенски наставник од ООУ „ Кирил и Методиј“ с. Агино Село, Куманово.
  **Фб група - „Училница со ретка добрина“**
  https://www.facebook.com/groups/1075139957099302

- На 29.04.2025 год. трет пат се организира натпревар во рецитирање на учениците од трето до петто одделение под наслов **"Стиховите наши ги топлат срцата ваши"** организиран до ЗОН Куманово во соработка со Здружение на просветни работници - Куманово, поддржан од страна на Агенцијата за култура и спорт и Општина Куманово, Совет на општината и Градоначалникот.

## УЧЕСТВО НА ТРКАЛЕЗНИ МАСИ, ФОРУМИ, СРЕДБИ СО МОН, БРО, РАБОТИЛНИЦИ

- На 02.10.2021год. во чест на Светскиот ден на учителот“ на покана на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „ Гоце Делчев“ – Штип зедовме активно учество на Тркалезна маса на тема „Училиштето е огледало на општетвото“.

- Остварена е средба со Министерката Мила Царовска за новите реформи и ставот на одделенските наставници. Испратени се четири писмени барања до МОН.

- На 29.06.2022 година бевме дел од настанот: Национални консултации за трансформирање на образованието.

- На 24.9.2022 година, на покана на издавачката куќа Арс Ламина, според договорот од потпишаниот меморандум за соработка, реализиравме работилницата на тема „Примена на едукативно-дидактички материјали во одделенска настава“.

- Спроведена онлајн анкета за наставници со цел да се слушне нивното мислење во врска со следни активности на Здружението кои се од интерес за јакнење на компетенциите на одделенските наставници. Анкетирани се 365 наставници.

- Во месец февруари 2024 година ЗОН УЧИТЕЛ спроведе онлајн анкета за одделенски наставници „ Предизвик наречен -Читање со разбирање“, а резултатите од истата беа прикажани утринска емисија на МРТ https://rb.gy/exbfzk

- На 7 март 2024 година организација на ЗОН - Учител, општинска единица - Куманово, се организира настан „ Со почит и љубов кон Вас, одгледано од нас“со кој учениците на градскиот плоштад подаруваа цвеќиња кои сами ги засадија. Остварена е соработка со ЈП„ Чистота и зеленило“ - Куманово.

- Тим од координатори на ЗОН УЧИТЕЛ на Осмата меѓународна наставничка конференција која се оддржа во Охрид во период од 1-4 мај 2025 година го претстави нашето здружение со штанд ЗОН ШТЕДЛЕР- Забавна штедилница на тема финансиска писменост. ЗОН Штедлер го сочинуваа следните координатори: Наташа Тодоровска, Марина Станиславова, Марија Богатиновска, Сандра Колева, Соња Трифуновска, Виолета Петковска, Роза Николова, Маја Митевска Поцева,

Претседател на ЗОН УЧИТЕЛ НА РСМ-Битола
Наташа Тодоровска